# АБОРТУС - НЕМА АРГУМЕНТ ПРОТИВ

АБОРТУС - НЕМА АРГУМЕНТ ПРОТИВ

**Репродуктивните права се основен дел од човековите права.**

Репродуктивните права се засноваат на признавањето на основните права на сите парови и поединци слободно и одговорно да одлучуваат за бројот на децата, кога ќе имаат деца и на колкаво временско растојание, да имаат соодветни информации и средства да го направат тоа, како и на правото да ги одржат највисоките стандарди на сексуално и репродуктивно здравје. Тие исто така го вклучуваат и правото сите да донесуваат одлуки во однос на репродукцијата, слободни од дискриминација, присилба и насилство.

**Членот 41 од Уставот на Р. Македонија гласи: "Право на човекот е слободно да одлучува за создавање на деца. Републиката, заради усогласен економски и социјален развој, води хумана популациона политика."**

Тие се пропишани и гарантирани со меѓународното право. Согласно на ратификуваните меѓународни договори (Конвенција за елиминирање на сите форми на дискриминација на жената, Конвенција за правата на детето, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Меѓународниот пакт за социјални, економски и културни права, Конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација и Конвенција против тортура) Р. Македонија е должна да овозможи уживање на сексуалните и репродуктивните права, односно, правото на здравствена заштита во репродуктивниот период на жената и правото на самостојно и слободно одлучување по однос на планирање на семејството, како и било која одлука поврзана со сексуалниот живот и репродуктивното здравје.

Законот за прекинување на бременоста (Службен весник, бр. 19/77 и 15/95), јасно го утврдува правото на безбеден абортус. Во член 1 е наведено: "Прекинувањето на бременоста е посебна медицинска интервенција за која слободно одлучува бремената жена."

Во законот е истакнато дека секоја жена има право на абортус изведен во здравствена установа, на нејзино барање, а пред истекот на десеттата недела од бременоста. Исто така предвидени се и посебни медицински и социјални индикации, при кои бременоста може да биде прекината и по истекот на десеттата недела.

### АБОРТУСОТ ВО БРОЈКИ

- во светот просечната стапка на регистрирани абортуси изнесува 1.206.000 месечно, или просечно 14.472.000 абортуси годишно;
- се смета дека бројката на непријавени абортуси ја надминува бројката на регистрираните абортуси;
- Бројката на абортуси извршени во здравствени установи во Р. Македонија (во периодот 1986 - 2006 год.) бележи тренд на постојано опаѓање:




Извор: Abortion statistics and other data - Johnston's Archive

- во Македонија (2003 година), 3,9% од сите абортуси отпаѓаат на жените под 20 години; 36,5% на жените над 35 години; најголемиот процент - 59,6% на жените на возраст помеѓу 21 - 34 години.
- во Р. Македонија (2005 - 2006 година) од жените кои се во брак на возраст помеѓу 15 - 49 години, само 13,5% користат контрацепција. Додека 33,6% од жените кои се во брак не можат да ги задоволат своите препознаени потреби за контрацепција од различни причини.

АБОРТУС - НЕМА АРГУМЕНТ ПРОТИВ

АБОРТУС - НЕМА АРГУМЕНТ ПРОТИВ

**БЕЗБЕДНОСТ НА АБОРТУСОТ**

Долгогодишните истражувања во САД по однос на компликациите од абортусот доаѓаат до следните сознанија:
- Ризикот од компликации при стручно изведениот абортус е минимален: кај помалку од 0,3% од жените кои извршиле абортус се јавиле компликации кои изискувале хоспитализација;
- Абортусите извршени во првото тромесечје од бременоста практично не претставуваат никаков ризик за појава на долгорочни последици, како што се стерилитетот, ектопичната бременост, спонтани абортуси, дефекти на плодот и појава на карциноми;
- Абортусот не предизвикува никаква опасност по менталното здравје на жената;
- Ризикот за смрт од абортус, направен пред осмата недела од бременоста, изнесува 1 смртен случај на милион извршени абортуси.

Доколку овие податоци ги примениме на статистиката за абортуси во Македонија би го добиле следното:
- во една година помалку од 18 жени кои направиле абортус, се јавуваат за болничко лекување од последици од абортусот.
- приближно на 160 години би можеле да очекуваме еден смртен случај како резултат на изведување на абортус.

## ПОЧИТУВАЊЕ НА РЕПРОДУКТИВНИТЕ И СЕКСУАЛНИТЕ ПРАВА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО ПРАВОТО НА БЕЗБЕДЕН АБОРТУС

### 1. Законската регулатива за прекин на бременоста мора и понатаму да гарантира право на безбеден абортус извршен во здравствени установи од стручни лица, по избор исклучиво на бремената жена.

Доколку се забрани или ограничи правото на легален и стручен абортус, ќе се појават следните проблеми:
- алармантно ќе се зголеми појавата на нелегални абортуси кои ќе се извршуваат во несоодветни услови и од нестручни лица. Сето ова значително ќе го наруши репродуктивното и општото здравје на жените и ќе допринесе за појава на зголемени стапки на заболувања и смртност кај жените;
- Жените ќе одат да извршуваат абортус во околните земји, што ќе ги изложи жените на дополнителни финансиски трошоци и дополнителен стрес, што повторно негативно ќе влијае врз нивното здравје.
- Постои ризик од зголемена појава на чедоморство, особено кај оние жени и парови кои поради сериозни материјални, социјални, психолошки фактори и фактори од средината не се во можност да го издржуваат детето.

### 2. Да се промовираат принципите на репродуктивното и сексуалното здравје и права.

Државните институции, граѓанските организации и здравствените работници треба да ги промовираат основните репродуктивни и сексуални права помеѓу жените и мажите, а пред се: безбедни сексуални односи, семејно планирање и употреба на контрацепција, со одговорности и права на двајцата партнери во врската. Преку сите овие мерки всушност реално ќе се намали појавата на несакана бременост и абортуси.

### 3. Заштита на правата на жените кои го користат правото на абортус.

Жените кои се одлучиле да го искористат правото на абортусот не смеат да бидат дискриминирани, осудувани или етикетирани на ниту еден начин и по ниту еден основ.
Жените кои имаат намера да извршат абортус треба да имаат право на стручно и непристрасно советување пред и по извршувањето на абортусот, а истите да бидат заштитени од нестручни и контроверзни информации по однос на абортусот.

**Дефиниција за здравје:**
**"Здравјето претставува потполна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест или слабост"**
**(Светска здравствена организација, 1948)**

### 4. Промоција на здравјето.

Државните институции, здравствените работници, граѓанските организации и сите поединци се должни да го чуваат и унапредуваат здравјето на целото население во духот на дефиницијата за здравје на СЗО.

Поради тоа сите овие инстанции се должни да донесуваат и спроведуваат политики, мерки, активности и однесувања кои според најновите стручни и научни сознанија ќе водат до унапредување на здравјето на населението.

Донесувачите на одлуки не смеат да креираат политики кои според сите достапни сознанија би воделе до нарушување на здравјето на населението, без разлика на пол, возраст, етничка и верска припадност.

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Р. Македонија
ЕСЕ